Д-р Марија Магдинчева – Шопова

# ПРЕТПРИЕМАЧ
# НА XXI-ви век

СОФИЈА
Богданци 2014

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

334.722"20"

МАГДИНЧЕВА-Шопова, Марија
Претприемач на XXI-ви век / Марија Магдинчева-Шопова. - Богданци : Софија, 2014. - 98 стр. : граф. прикази ; 25 см

Библиографија: стр. 90-97

ISBN 978-9989-736-93-3
I. Шопова, Марија Магдинчева- види Магдинчева-Шопова, Марија
а) Претприемништво - 21 век
COBISS.MK-ID 95637514

*Ова книга е посветена на сите претприемачи,*

*сегашни и идни*

## ПРЕДГОВОР

Ова мое четврто издание ја продолжува личната моја определба за создавање на нови оригинални трудови од областа на претприемништвото и претприемничката активност. Претприемништвото е динамична, движечка сила. Во последните години оваа област доживеа брз развој пред се во насока на разбирање на самото претприемништво и она што претставува претприемачот. Во овој труд, секој читател може да најде нови содржини за претприемништвото, креативноста и иновативноста кои имаат се поголема важност за претприемачите. Исто така со овој труд се обидувам да ги истакнам промените кои бараат се поголема усовршеност во извршувањето на работите. Претприемачите се онаа витална сила која постојано ги менува работите. Секојдневно околу нас се случуваат промени. Секојдневно се отвораат нови бизниси но исто така и се затвораат некои од постојните бизниси. Некои претприемачи успешно ја извршуваат претприемничката активност а некои не. Содржините во овој труд кои се посветени на спроведување на подготвителни активности пред започнување со бизнисот и активности за започнување со сопствен бизнис го истакнуваат значењето и зголеменото внимание кое се посветува на она што секој претприемач треба да го знае доколку сака да биде успешен претприемач. Дел од новите претприемачи умеат да ги препознаат можностите и големо внимание посветуваат на подготвителните активности за започнување со бизнисот. Спроведените подготвителни активности придонесуваат за откривање и осознавање на сите потребни информации за идниот, посакуван бизнис. Истражувањата покажуваат дека без добра подготовка не може да има ниту добар бизнис. Подготвителните активности за започнување со бизнис ја сочинуваат основата на идниот бизнис. Во создавањето на оваа книга бев водена од основниот принцип – да создадам труд кој ќе го објасни современиот претприемнички процес и карактеристиките на претприемчот на XXI-ви век преку следните етапи : истакнување на важноста на креативноста и иновативноста за претприемачите, подготвителните активности пред започнување со бизнис, активности за започнување со бизнис и претприемач на XXI-ви век. Оваа книга која се презентира пред пошироката стручна и научна јавност е создадена со цел да им помогне на идните претприемачи но и на сегашните за успешно

започнување и извршување на бизнисот. Исто така книгата ќе им биде од корист на студентите и секој поединец кој сака да осознае нови содржини од областа на претприемништвото. Оваа книга може да биде корисна за општествените институции-локални и државни институции за подршка на претприемништвото и развојот на малите и средни претпријатија.

Голема благодарност искажувам на моето семејство, сопругот Сашо, синот Александар и ќерката Надја за нивната поддршка во текот на пишувањето на книгата.

Ја користам оваа можност да ја искажувам мојата голема благодарност до рецензентите на оваа книга, проф.д-р Марија Ацковска и проф. д-р Неда Петроска-Ангеловска, за експедитивноста и големата поддршка во оформувањето на содржината на книгата.

Искрено и со почит кон читателите можам да кажам дека направив обид содржината од оваа книга да им ја прикажам на читателите на прецизен, конкретен и разбирлив начин. Во текот на пишувањето на книгата работев во насока на прикажување на фактичката состојба, она што е дел од секојдневието и постигнување на баланс помеѓу она што е теорија и она што е реалност-она што се случува во практичното работење. Но само читателите на книгата можат да бидат реални оценувачи на тоа. Со сета почит, сите забелешки, предлози и коментари од нивна страна се добредојдени. Ќе бидам благодарна доколку Вашите забелешки, предлози и коментари бидат испратени на следната меил адреса ***marijamagdincevasopova@gmail.com***

Гевгелија, Јануари 2014 Авторот